Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 04-360/14
29.12. 2025 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 45, став (1) и став (2) од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р. М.“, број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р. С. М.“ број 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/204), член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на Р. М., број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Сл. весник на Р. С. М.“ број 143/2019, 14/2020 и 208/2024), Градоначалникот на општина Шуто оризари, донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник**

I. По јавниот оглас бр 930/2025, објавен на 01.08.2025 година на веб страницата на Агенцијата за администрација како и во дневните весници , „Нова Македонија“, "Вечер", и "Лајм", за работното место со шифра УПР 01 01 Б02 000 Раководител на сектор за правни, административни работи и локален економски развој ( ЛЕР) (1), СЕ ИЗБИРА кандидатот со идентификациски код 8Б2FE4 **ИБРАХИМ ИБРАХИМИ**.
II. Одлуката за избор се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 01.08.2025 година, во дневните весници „Вечер“, „Слободен печат“ и „Лајм“ и на интернет-страницата на Агенцијата за администрација, објавен е јавен оглас број 930/2025 за вработување на административен службеник во Општина Прилеп.
Со Решение за ставање во мирување на започнатата постапка за селекција на кандидати за вработување на административни службеници број 10-2016/3 од 14.08.2025 година, започнатата постапка е ставена во мирување. Постапката е продолжена со Решение за продолжување на започнатата постапка за селекција на кандидати за вработување на административни службеници број 10-2016/5 од 26.11.2025 година.
Со Решение број 10-1932/10 од 04.12.2025 година, формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас. Комисијата за селекција по јавен оглас спроведе административна селекција за административен службеник, со Записник од извршената административна селекција за административен службеник број 10-1932/11 од 05.12.2025 година. На 17.12.2025 година е спроведен испит за административен службеник, со Записник од спроведениот испит за административен службеник број 10-1932/15 од 17.12.2025 година. На 23.12.2025 година е спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, со Записник од спроведената проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник број 10-1932/16 од 23.12.2025 година.
Врз основа на доставениот предлог за вработување на кандидати по јавниот оглас 930/2025, број 10-1932/18 од 26.12.2025 година и конечната ранг-листа, Градоначалникот на Општина Шуто оризари изврши избор во согласност со диспозитивот на оваа Одлука.
Правна поука: Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

ГРАДОНАЧАЛНИК
**КУРТО ДУДУШ**

Доставено до:
- Избраниот кандидат,
- Агенција за администрација
- Архива